Врз основа на член 190 и член 114 став 6 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.09.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за формата и содржината на барањето и постапката за обновување на дозволата за работење на брокер**

**Член 1**

Во Правилникот за формата и содржината на барањето и постапката за обновување на дозволата за работење на брокер ("Службен весник на РМ" бр. 122/2006, 58/2011, 164/2012, 85/2014 и 182/2016)

Во член 5

став (1)

точка 3, *се брише*.

точка 4 се менува и гласи ,,потврда дека лицето е вработено како брокер кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност,,.

точките 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 3, 4, 5 и 6

**Член 2**

Во Обарзецот, И-ОДБ по зборовите ,,*издадена од ГУВР*,, се додаваат зборовите ,,*датум на издавање и датум на важност и орган кој ги издал*,,.

**Член 3**

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на барањето и постапката за обновување на дозволата за работење на брокер.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Број 01-821/2**
**Скопје, 12.09.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**